ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2020 03 6

**Скопје, март 2021 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи за 2019 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 17 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 18 - 20 |
| - Сметководствени политики | 21 - 22 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 26 |
| Прилог 1<br>Преглед на резултати од преземени мерки по дадени препораки | |
| Прилог 2<br>Преглед на преземени обврски без спроведени јавни набавки | |
| Прилог 3<br>Забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност | |
| Прилог 4<br>Одговор на забелешки по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор | |

Кратенки користени во извештајот:

Уставен суд - Уставен суд на Република Северна Македонија
РСМ - Република Северна Македонија
ЗЈВФК - Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
СОЗР - Служба за општи и заеднички работи на Владата на РСМ
ЗЈН-Закон за јавните набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-485/1

Дата: 23.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Уставен суд на Република Северна Македонија на сметката основен буџет (637) за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Уставниот суд за 2019 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Уставниот суд (637) за 2010 година и изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење без резерва за билансот на приходи и расходи и неповолно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, при што е утврдено дека од дадените пет препораки, една препорака е делумно спроведена, додека четири препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следните состојби:

- не се донесени Програми за работа и распоред на Уставниот суд, како обврска предвидена со Деловникот за Уставниот суд;
- не е воспоставена внатрешна ревизија поради не пополнетост на одделението за внатрешна ревизија;
- утврдивме слабости во вршењето на пописот на средствата и обврските

односно истиот не е во целост извршен согласно законската регулатива;
- не е воспоставена навремена и ажурна сметководствена евиденција за набавката и издавањето на материјали и
- за дел од набавките на стоки и услуги не се применуваат во целост одредбите од Законот за јавните набавки.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, ја обелоденивме состојбата во врска со дополнувањето на Деловникот на Уставниот суд донесен во октомври 2020 година, со кој се предвидува дека покрај правото на плата и други надоместоци, судиите на Уставниот суд да имаат право на додаток за посебни услови за работа, постоење на висок ризик и доверливост.

Во делот на Останати прашања известивме за потребата од донесување на законска регулатива за утврдување на платите на вработените во Уставниот суд кои вршат технички и помошни работи.

Од страна на Генералниот секретар на Уставниот суд добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои претставуваат известување за преземените активности, како и активности кои се планира да се преземат во нареден период.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на Уставниот суд на Република Северна Македонија на сметката за основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Уставниот суд на Република Северна Македонија за сметката на основниот буџет за 2010 година и изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење без резерва за билансот на приходи и расходи и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Уставниот суд застапувано од:

- Никола Ивановски, претседател од 01.11.2016 до 30.10.2019 година и
- Сали Мурати, претседател од 01.11.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија..

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.10. 2020 година до 13.11.2020 година на Уставен суд на Република Северна Македонија, на сметката на основниот буџет за 2019 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 15-126/10 од 04.08.2011 година. Утврдивме дека од дадените пет препораки, една препорака е делумно спроведена, додека четири препораки не се спроведени (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Уставниот суд, одржан на ден 25.12.2020 година.

Од страна на Генералниот секретар на Уставниот суд добиени се забелешки број 11-219/4 од 01.03.2021 година на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои претставуваат известување за преземените активности, како и активности кои се планира да се преземат во нареден период.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

**4.1.1.** Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година, во делот на оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање извести дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин кој не обезбедува соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите меѓу вработените, која состојба сеуште не е надмината.

Имено, со увид во документацијата ревизијата утврди дека:

- Уставниот суд нема изготвено пишани процедури за движењето на финансиските документација и за проверка на сметководствените документи за извршените набавки на стоки и услуги, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[1];

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009, 12/2011, 82/2013,188/2013, 192/2015 и 147/2017

- Воспоставена е пракса по архивирање на финансиските документи, истите да се проверуваат од Генералниот секретар и да се доставуваат во одделението за финансиски прашања за нивно евидентирање, но не е предвидена ex post контрола;
- Благајничкото работење го врши исто лице кое е задолжено за сметководствената евиденција и изготвувањето на финансиските извештаи и
- За приемот и издавањето на материјалите ангажиран е виш референт - технички секретар, без да се донесе акт за овластување од страна на одговорното лице на Уставен суд, предвидено во член 8 од ЗЈВФК.

Наведената состојба се должи на недоволна кадровска екипираност согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд[2]. Имено, во одделението за финансиски прашања се систематизирани четири работни места, но пополнето е само работното место самостоен референт за сметководство.

Горенаведеното укажува дека во Уставниот суд не е воспоставен целосен систем на внатрешни контроли и не е извршена поделба на надлежностите во делот на одобрување, извршување и контрола на сметководствените документи, кој ќе ги намали ризиците во финансиското работење и ќе обезбеди ефикасен систем на контрола и управување со јавните средства.

По доставување на Нацрт извештајот, Генералниот секретар на Уставниот суд на 26 февруари 2021 година има донесено решение за формирање на работна група за изготвување на акт за уредување на постапката за движење на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги за потребите на Уставниот суд.

**Препорака:**

Одговорните лица во Уставниот суд да продолжат со активностите за:

- изготвување на пишани процедури за движењето на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги;
- пополнувањето на работните места согласно правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд;
- воспоставување на ex post контрола со која ќе се врши контрола по целосно спроведување на одобрените трансакции и
- делегирањето на работни задачи на вработените да се врши со акт за овластување.

[2]Правилник за внатрешна организација на стручната служба на Уставниот суд Су.бр.950/12 од 26.12.2012 и Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд Су.бр. 950/12-2 од 26.12.2012 година

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Уставниот суд нема донесено Програма за работа и распоред на Судот, што не е во согласност на член 89 од Деловникот за Уставниот суд на РСМ[3], со кој е предвидено дека по прашањата од доменот за внатрешна организација и работа, Уставниот суд на седница донесува Програма и распоред за работа на Уставниот суд.

Уставниот суд изготвува Прегледи за работа/извештаи за работата за претходната година. Прегледите содржат податоци за: вкупниот број на предмети и видовите на акти на судот со кои се решени предметите, број на примени и решени предмети, ставови на судот заземени при одлучувањето, активности од меѓународна соработка и други податоци за Уставниот суд.

Според податоците од Прегледите за работа од 2015 до 2019 година просечниот број на завршени предмети изнесува околу 60% односно околу 40% не се завршени предмети од вкупно примените предмети за постапување во овој период. Вкупниот број како и бројот на завршени и незавршени предмети по години е прикажан на следниот графикон:




Постапката за оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти е пропишана со Деловникот на Уставниот суд.

Со увид во Деловникот и добиените информации за начинот на работа на Уставниот суд, констатиравме дека:

- постапките пред Уставниот суд се поведуваат по поднесена иницијатива од граѓанин, група граѓани, институции, здруженија, како и по оцена на

[3] „Службен весник на Република Македонија“ број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/2019 и 256/2020

Уставниот суд за потребата за испитување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт;
- начинот на распределба на предметите за работа е утврден со Деловникот, согласно кој предметите се распоредуваат на стручни соработници според областа утврдена во распоредот за работа и на судија според азбучниот ред на презимето, без користење на софтвер за распоред на предметите, со што би се елиминирало влијание на било каков субјективен пристап при самата распределба.
- судијата и стручниот работник водат претходната постапка, во која ги прибираат потребните известувања и податоци за одлучување по предметот;
- предвидени се рокови за започнување на активностите по примените иницијативи како и рок за завршување на претходната постапка. За текот на претходната постапка се поднесува информација (реферат) за седница или се дава известување за текот на постапката;
- пред донесување на одлуката, за одделни предмети може да претходи одржување на подготвителна седница или одржување на јавна расправа, на кои се повикуваат претставници од стручни органи, организации и други научни и стручни работници
- одлуките по поднесените иницијативи се донесуваат на седница со мнозинство гласови од вкупниот број на судии.

Ревизијата констатира дека во Деловникот не се предвидени одредби за утврдување на рокови во кои ќе се закажуваат подготвителните седници, јавните расправи како и не се предвидени рокови за конечно одлучување и завршување на постапките по примените иницијативи, при тоа имајќи ги предвид критериуми за сложеноста на предметот кој е даден во работа.

Имајќи предвид дека Уставниот суд не носи програма и распоред за работа, не користи софтвер за автоматска распределба на предметите, нема утврдени рокови за закажување на подготвителните седници, јавните расправи и рокови за конечно одлучување по примените иницијативи, констатиравме дека не се создадени целосни услови за непречено следење на ефективноста во постапувањето по примените иницијативи, ефективноста во постапувањето на секој одделен уставен судија како и на целокупното работење на Уставен суд.

**Препорака:**

Одговорното лице да превземе мерки и активности за:
- донесување на Програми за работа и распоред на Судот,
- доуредување на Деловникот за работа во делот на утврдување на рокови во кои ќе се закажуваат подготвителните седници, јавните расправи како и рокови за конечно одлучување по примените иницијативи, согласно предвидени критериуми за сложеноста на предметите за работа,

- уредување на начинот на следење и оценување на ефективноста на работењето на уставните судии, преку утвдување на индикатори односно критериуми за истото.

4.2.2. Со правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Уставниот суд уредено е формирање на независно одделение за внатрешна ревизија, кое за своето работење е предвидено да одговара пред Претседателот на Уставниот суд. Во одделението систематизирани се две работни места, но истите не се пополнети. Уставниот суд нема преземено активности за ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор врз основа на договор склучен меѓу раководителите од двата субјекти или со ангажирање на ревизор/и наведени во регистарот на внатрешни ревизори, како предвидена можност во член 11 од ЗЈВФК.
Не пополнетоста на работните места во одделението за внатрешна ревизија како и не ангажирање на внатрешни ревизори од други органи, оневозможува остварување на основната задача на внатрешна ревизија да придонесе за подобрување на работењето на субјектот, применувајќи соодветен пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот.

**Препорака:**
Одговорното лице на Уставен суд да превземе мерки и активности за воспоставување на внатрешна ревизија преку пополнување на предвидените работни места или со ангажирање на внатрешен ревизор на начин предвиден во законската регулатива.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Со увид во пописниот материјал од извршениот попис со состојба на ден 31 декември 2019 година, ревизијата констатира:
- средствата не се обележани со инвентарни броеви, поради што истите не се наведени и во пописните листи;
- пописните листи на постојаните средства содржат податоци само за количината, без вредносни показатели што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[4], со што е оневозможено вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- не е извршен попис на залихата на материјали;
- за нематеријалните средства и книгите во библиотека приложени се пописни листи кои не се потпишани од комисијата.

[4] „Службен весник на Република Македонија“ број 28/2003, 81/2005, 8/2009, 175/2011 и 101/2013

Поради нецелосно спроведениот попис, не е извршено целосно усогласување на сметководствена вредност со фактичката состојба на средствата, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[5] и има влијание на реалното и објективното искажување на податоците во финансиските извештаи.

Со доставените забелешки на Нацрт извештајот, Уставниот суд извести дека се набавени налепници со инвентарни броеви и истите се поставени на средствата.

**Препорака:**

Одговорното лице на Уставниот суд да преземе мерки и активности за спроведување на целосен попис на средствата на начин предвиден со законската регулатива.

4.3.2. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година извести дека не е воспоставена материјална евиденција за прием и издавање на материјалите. Со увид во документацијата за 2019 година ревизијата констатира дека состојбата не е променета. Лицето ангажирано за прием и издавање на материјалите не изготвува секогаш документ за издадените материјали и истиот не се доставува до одделението за финансиски работи за негово сметководствено евидентирање. Наведената состојба влијае врз реалноста на искажаните податоци за залихата на материјали во финансиските извештаи, кои на почетокот на година се проценети во износ од 1.523 илјади денари, а на 31.12.2019 година во износ од 1.858 илјади денари.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 12 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во кој е наведено дека евидентирањето на податоците во деловните книги се врши врз основа на веродостојна документација како доказ за настанатата финансиска промена.

По доставување на Нацрт извештајот, Генералниот секретар на Уставниот суд на 26 февруари 2021 година има донесено решение со кое на вработено лице се делегираат работните задачи за водење на евиденција за набавка и издавање на материјали.

**Препорака:**

Одговорното лице на Уставниот суд да преземе активности за воспоставување на евидентирање на материјалите, за приемот и издавањето на материјалите со цел обезбедување точна и ажурна евиденција, како и следење на состојбата и движењето на истите.

[5] „Службен весник на Република Македонија" број 28/2003, 81/2005, 8/2009, 175/2011 и 101/2013

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Со увидот во годишните планови за јавните набавки, приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следниве состојби:

- Низок степен на реализација на годишните планови за јавните набавки, односно во 2018 и 2019 година од планирани 11 односно 12 постапки, спроведени се по 4 постапки на годишно или реализација од 36% односно 33%;
- Набавките на услуги (мобилна и фиксна телефонија, резервација на авиобилети за службени патувања во странство) се реализираат како групна набавка преку СОЗР врз основа на склучен договор. Овие набавки не се предвидени во плановите за јавните набавки за 2018 и 2019 година, што не е во согласност со член 75 став 2 од ЗЈН[6], со кој е пропишано дека вкупните потреби за набавки во тековната година ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки.

  Согласно членот 40 став 6 од ЗЈН кој се применува од април 2019 година, договорните органи во текот на годината можат да вршат набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка, при што вкупната вредноста на овие набавки во тековната година не смее да надмине 12 илјади евра во денарска противвредност без ДДВ. Во периодот од април до декември 2019 година, Уставниот суд без спроведена постапка за јавна набавка има преземено обврски за набавка на стоки и услуги во вкупен износ од 26.770 евра односно 1.652 илјади денари, што претставува надминување на законски утврдениот вредносен праг 12.610 евра односно 778 илјади денари (Прилог 2).
- Не е извршено објавување на податоците во кварталните евиденции на ЕСЈН за извршените набавки во 2019 година без спроведена постапка, што не е согласно член 40 став 5 од ЗЈН.

Горенаведените состојби имаат влијание на конкуренцијата помеѓу економските оператори, транспарентноста и законитоста при постапките за доделување на договори за јавни набавки.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- Планирањето на потребите за стоки и услуги да се врши во обем адекватен на потребите,
- набавката на стоки и услуги да се врши со постапки за јавни набаваки и
- редовно објавување на податоците за извршените набавки без спроведена постапка во ЕСЈН.

[6] Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17,83/18 и 24/19

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3. и 4.4. кои се однесуваат на донесување на програма за работа на Уставниот суд, квалитетно спроведување на пописот на средствата и обврските, воспоставување на евиденција за материјалите, почитување на законски утврдените вредносни прагови за набавки на стоки, услуги и работи имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Уставниот суд на Република Северна Македонија на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Согласно член 109 од Уставот на РСМ[7], Собранието на РСМ ги избира судиите на Уставниот суд и тоа: шест судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и тројца судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на РСМ. Мандатот на судиите трае девет години без право на повторен избор. Уставниот суд избира претседател од своите редови за време од три години без право на повторен избор.

[7] „Службен весник на Република Македонија број 52/1991, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 49/2011, 6/2019“

Согласно член 32 од Уставот на РСМ предвидено е остварувањето на правата на вработените и нивната положба да се уредуваат со закон и со колективни договори. Платите и другите надоместоци на судиите се уредени во Законот за плата и другите надомесоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката[8]. Средствата за плати на функционерите и на раководните работници се обезбедуваат во Буџетот на Републиката.
Начинот на работа и постапката за оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на прописите и другите општи акти пред Уставниот суд се уредени со Деловникот на Уставниот суд на РСМ.

Во услови на наведеното уредување на платите и другите надоместоци на уставните судии, во октомври 2020 година извршено е дополнувањето на Деловникот со нов член 10-а, со кој се пропишува дека покрај правото на плата и други надоместоци судиите на Уставниот суд имаат право на додаток за: посебни услови за работа, постоење на висок ризик и доверливост, како и тоа дека додатоците за плата меѓусебно не се исклучуваат. Вкупниот износ на додатоците согласно наведениот член не може да изнесува повеќе од 35% од основната плата на судијата, а висината и начинот на утврдување е предвидено да се уредат со акт на Судот.
До денот на известување од извршената ревизија, актот за висината и начинот за утврдување на додатоците на основната плата не е изготвен.

Истакнуваме дека правото на исплата на додатоци за посебни услови за работа, постоење на висок ризик и доверливост за останатите судии во државата односно на судиите од Врховниот суд, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови е утврдено со Закон за платите на судиите[9].

---

[8] „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 36/1990, 44/1990, 11/1991 и 38/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ број 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 233/2018 , Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 87/2017 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 45/2018

[9] „Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007, 103/2008; 161/2008; 153/2009; 67/2010; 97/2010; 135/2011; 231/2015 и 248/2018

## 6. Останати прашања

6.1. Согласно член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор, јавниот сектор во РСМ, го сочинуваат вработените кои имаат статус на административни службеници, како и вработените кои имаат статус на помошно – технички лица. Согласно истиот за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и колективни договори. Висината на платите и другите надоместоци на административните службеници се определуваат согласно Законот за административни службеници[10], додека за лицата кои вршат технички и помошни работи, распоредени во групи, подгрупи инкорпорирани во актот за систематизација, отсуствуваат одредби со кој би се уредил начинот на пресметување на платите.

Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

Во Уставниот суд на РСМ пресметката на плата за оваа категорија на вработени е регулирана во склучените договори за вработување преку утврдување на бројот на бодови за соодветното работно место. Во однос на висината на вредноста на бодот во 2019 година од страна на Генералниот секретар донесена е Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошните работници, според која вредноста на бодот за пресметка на плата е утврден во висина како и за административните службеници.

За надминување на утврдената состојба органите на државна управа во соработка со надлежното министерство потребно е да превземат активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи.

[10]„Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 ,2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 14/2020

**Уставен суд на Република Северна Македонија**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2019** | **2018** |
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | **3.1.1.** | 33,264 | 31,805 |
| **Вкупно приходи** | | **33,264** | **31,805** |
| **Расходи** | **3.2.** | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | **3.2.1.** | 24,903 | 24,333 |
| Стоки и услуги | **3.2.2.** | 7,184 | 7,255 |
| Субвенции и трансфери | **3.2.3.** | 837 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **32,924** | **31,588** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | | 340 | 217 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **340** | **217** |
| **Вкупно расходи** | | **33,264** | **31,805** |

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2019** | | **2018** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 66 | | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 75 | | 28 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 2,611 | | 2,384 |
| Залихи | 4.1.4. | 1,916 | | 1,551 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,668** | | **3,963** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | 4.2. | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 4,435 | | 4,547 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 325,972 | | 326,799 |
| **Вкупно постојани средства** | | **330,407** | | **331,346** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **335,075** | | **335,309** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 509 | | 326 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 66 | | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 3 | | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2,098 | | 2,057 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 76 | | 29 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,752** | | **2,412** |
| **Извори на средства** | 4.4. | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 332,323 | | 332,897 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **332,323** | | **332,897** |
| | | | | |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **335,075** | | **335,309** |

Уставен суд на Република Северна Македонија
Сметка на основен буџет (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2019 година** | **330,717** | **2,180** | **332,897** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **4,449** | **442** | **4,891** |
| Набавки и ревалоризација | 4,449 | 442 | **4,891** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **5,430** | **35** | **5,465** |
| Амортизација | 5,430 | 35 | **5,465** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **329,736** | **2,587** | **332,323** |

**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Су.бр. 215/21/2
26 FEB 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 01.03.2021
Орг. Един. / Nj. org | Број / Nr. 11-219/4 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

**До**
**Државниот завод за ревизија**
**Скопје**

**Предмет:** забелешки на Ваш Нацрт-извештај од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност во Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2019 година со бр. 11- 219/2 од 22.01.2021 година

Во врска со горенаведениот Нацрт-извештај, кој е примен на 29.01.2021 година, во рокот даден од Ваша страна, ги истакнуваме следните забелешки:

- по однос на препораката за изготвување пишани процедури за движењето на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги, Ве известуваме дека генералниот секретар на Судот, донесе решение со кое се формира работна група за изготвување на акт со кој ќе се уреди оваа постапка во рамките на Судот (решението во прилог);

- што се однесува на недонесувањето на Програма за работа и распоред на Уставниот суд, Ви укажуваме дека од донесувањето на Деловникот на Судот во 1992 година, до денес, Судот ниту еднаш нема донесено ваков акт, со оглед дека оваа деловничка одредба е неприменлива во пракса. Имено, Судот не може однапред да предвиди кои, какви и колку предмети би примил во работа и врз основа на тоа да ја програмира својата работа. Особено, во делот на оспорување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи и колективните договори, секој има право да поднесе ваква иницијатива до Судот, без никакво временско ограничување или во делот на предметот на оспорување, што во пракса значи дека не може да се предвиди колку и какви предмети по однос на својата сложеност, би се оформиле само по овој основ или пак уште помалку, кога би можело да се одлучува по однос на истите со оглед на тоа дека првин треба да се спроведе претходна постапка по конкретниот предмет. Секако дека ова е познато во рамките на Судот и при следното разгледување на потребата од изменување и дополнување на Деловникот на Судот, треба да биде опсервирано со цел да се донесе соодветно нормативно решение кое ќе одговара на праксата и потребите на Судот, но истовремено преку кое ќе може се утврди одредена рамка за работа во текот на една година, при што ќе се имаат предвид исто и

другите препораки во Нацрт-извештајот. Понатаму, мора да се нагласи дека недонесувањето на овој акт, досега не било никаква пречка на функционирањето на Судот во извршувањето на своите надлежности и во пракса, преку координирање помеѓу судиите на работни состаноци, тековно се расправа и се одлучува за евентуално појавени прашања во делот на работата на Судот, како на краток, така и на среден рок. Ова исто се однесува на утврдувањето на роковите за утврдување подготвителни седници, јавните расправи и крајните рокови, кои исто во пракса се разгледуваат на работните состаноци на судиите на кои се усвојуваат соодветни заклучоци за овие прашања;

- за неспроведувањето на внатрешна ревизија во Судот, мораме да нагласиме дека ова е од причина што досега не беше пополнето предвиденото работно место во оваа организациона единица. Меѓутоа, се планира во втората половина на оваа година, согласно член 30 став 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, да се склучи договор за ангажирање на: внатрешен ревизор/и од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор, врз основа на договор склучен меѓу раководителите на двата субјекти од јавниот сектор; или ревизор/и наведени во регистарот на внатрешни ревизори од членот 48 алинеја 7 на овој закон;

- по однос на забелешката дека не е воспоставена навремена и ажурна сметководствена евиденција за набавка и издавање на материјали, Ве известуваме дека во таа насока, генералниот секретар на Судот, донесе посебно решение со кое еден од вработените, формално ќе биде задолжен со вршење на овие работни задачи (Решението во прилог);

- за дел од забелешките на пописот на средствата и обврските на Судот, Ве известуваме дека од наша страна во рамките на последниот попис на средства и обврски што беше спроведен, беа набавени налепници со инвентарни броеви и истите беа поставени на средствата кои се предмет на пописот (фактура во прилог);

- заради надминување на слабостите во делот за спроведување на постапките за јавни набавки, Ве известуваме дека Судот, започна со постапка со пополнување на неколку работни места во Стручната служба на Судот на начин што е побарана согласност од Министерството за финансии согласно член 19 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, меѓу кои и за работното место - советник за финансиски прашања и јавни набавки. Со пополнување на работното место - советник за финансиски прашања ќе се исполнат условите за воспоставување на ex post контрола по целосното спроведување на одобрените трансакции со доделување вакви работни задачи што исто така е наведено како забелешка во Нацрт-извештајот;

- на крајот, сметаме дека е потребно е да се изјасниме за делот од Нацрт-извештајот, за правното уредување на прашањето за правото на додаток на плата за судиите за постоење посебни услови за работа, постоење висок ризик и доверливост. Ова право се утврди со последното дополнување на Деловникот на Уставниот суд со кој се додаде нов член 10-а во овој акт. Со ова, не се дерогира правото на законодавецот со закон да ги уредува прашањата за плата и надоместоци на судиите на Уставниот суд (за што во сила е соодветниот закон кој ги уредува овие прашања), ниту пак истото е спротивно на Уставот. Имено, Деловникот на Уставниот суд се донесува согласно член 113 од Уставот според кој, начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредуваат со акт на Судот. Во овој акт, уште со неговото донесување, се утврдени и уредени одредени права на судиите, како што е правото на имунитет и неможноста да се бара кривична одговорност или притворање заради искажано мислење или гласање во Судот (член 10 од Деловникот). Ова е логично, затоа што самиот начин на работа на Судот, за да биде целосно уреден, мора да се утврдат и уредат одредени права на судиите кои се суштински за извршувањето на нивната функција. Неспорно, покрај нематеријалните, судиите имаат и материјални права кои се нераскинливо поврзани со нивната независност и самостојност. Деловникот на Уставниот суд е правен акт кој црпи својата правна сила и основа директно од Уставот и нема никаква уставна пречка да се утврди и вакво право на судиите на Уставниот суд.

**Секретар**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
**Александар Лазов**

Република Македонија
Уставен суд на Република Македонија
Скопје

**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Су.бр. 216/21
26 ФЕВ 2021

Врз основа на член 9 став 1 од Правилникот за внатрешна организација на Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, секретарот на Уставниот суд, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се формира работна група за изготвување на акт за уредување на постапката за движењето на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги за потребите на Уставниот суд.

2. Работната група е во состав:
- м-р Љубица Ангелова, советник за стручно-аналитичка работа - раководител на работната група;
- м-р Виолета Ѓорѓиевска, советник за стручно-аналитичка работа - член на работната група; и
- Љупка Величковска, административен работник за сметководство - член на работната група.

3. Рокот за изготвување на актот од точка 1 од ова решение е 15 април 2021 година.

Секретар
на Уставниот суд на Република Северна Македонија,
Александар Лазов

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Су.бр. 217/21

26 FEB 2021

Врз основа на член 8 од Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, секретарот на Уставниот суд го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

На Соња Димитрова, распоредена на работното место административен работник - технички секретар во Одделението за поддршка на работата на секретарот на Уставниот суд и се доверуваат следните дополнителни работни задачи: водење на евиденција за набавка и издавање на материјали.

## Образложение

Согласно член 8 од Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, за правата, обврските и одговорностите од работен однос на вработените во Службата одлучува секретарот на Судот.

Согласно истиот акт, за работното место на кое е распоредена именуваната, предвидено е меѓу другото дека врши и други работи коишто ќе и ги додели секретарот.

Согласно потребите на Судот за вршење на работите од изреката од ова решение, се одлучи како во истата.

Правна поука: Против ова решение, именуваната има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Секретар
на Уставниот суд на Република Северна Македонија,
Александар Лазов

OFFICE PLUS
Порачувајте по каталог
со бесплатна испорака
Телефон за нарачки 15-501
Телефакс за нарачки 15-502
купувајте на интернет
www.officeplus.mk
sales@officeplus.mk
sales1@officeplus.mk
sales2@officeplus.mk

# OFFICE PLUS

Друштво за производство, промет и услуги "ОФИС ПЛУС" дооел Скопје, ул. Индустриска бр. 4, П. фах 674,
Тел.: 02/ 15-501 (2445-401); Факс: 02/ 15-502 (2445-498); ЕДБ МК 4030006595589; ж. с-ка 210-0611514401-23 Тутунска банка; 380-7-238892-011-06 Прокредит банка; 200-0017580374-98 Стопанска банка; 240-0400014839-33 Уни банка ; 370-0111001007-44 Еуростандард банка; 280-1071002902-57 Алфа банка; 300-0000028416-51 Комерцијална банка; 530-0101010752-91 Охридска банка; 270-0611514401-30 Халк банка; 500-0000007564-33 Стопанска банка Битола; 250-0150002307-52 Шпаркасе банка

ОФИС ПЛУС ПОСЕДУВА: EN ISO 9001 20 100 131331826; EN ISO 14001 20 104 131331827; ISO 9001:2008 СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ; ISO 14001:2004 СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОКОЛИНАТА

Купувач:
762
762
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ 19
МК-1000 Скопје

## ФАКТУРА
## испратница Бр.

21-300-001257

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум промет | 01.02.2021 | Бр. на нарачка | | Достава | Франко купувач |
| Датум валута | 07.04.2021 | Про-фра / рец. | | Одговорно лице | Граде Костадиновски |
| Датум фактура | 01.02.2021 | Место: | Скопје | Испечатено | 02.02.2021-14:33:55 |

| # | Идент | Назив | Количина | ЕМ | Цена | Р. % | ДДВ % | Вредност без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 041400 | Етикети, А4, 1/20, 1/960 етикети, 45.7*21.2мм, Zweckform, 6009, сребрена | 2,00 | ПАР | 2.573,000 | 0,00 | 18,00 | 5.146,000 |

ДДВ број 4030963338830

Со зборови шест илјади седумдесет и два МКД 00/100

| | |
|---|---|
| Вкупно | 5.146.00 |
| Попуст | 0.00 |
| ДДВ | 926.28 |
| Израмнување на дени | -0,280 |
| За плаќање MKD | 6.072.00 |

| ДАНОЧНИ СТАПКИ | Основа | ДДВ | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18% | 5.146,000 | 926,280 | 6.072,280 |

При плаќање со платен налог наведете модел 12 и повик 21-300-001257
Ве молиме плаќањето да го извршите на сметка: 200-0027565827-55 - Стопанска Банка

СО ПЕЧАТЕЊЕ ИНВЕНТАРНИ БРОЕВИ ОД 1-1920

Рок на плаќање според назначената дата на доспеаност – валута.
За ненавремено плаќање пресметуваме законска и затезна камата.
Рекламации во рок од 8 дена по приемот на фактурата.

Примил

Лице овластено за потпишување на фактури Сашо Веселиновски

Лице овластено за потпишување на фактури Сашо Веселиновски

ОФИС ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**Офис Плус**

# **Испратница** 21-300-001257

Купувач:
**762**

762
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ 19
МК-1000 Скопје

Примател: 3113-266

762
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КЕЈ ДИМИТАР ВЛАХОВ 19
МК-1000 Скопје

**Датум** 01.02.2021
**Испечатено:** 02.02.2021-14:33:32
**ДДВ број** 4030963338830

**Бр. на нарачка**
**Про-фра / рек**

**Достава** Франко купувач
**Одговорен** Граде Костадиновски
**Референт** Граде Костадиновски

| # | Идент | Локација | Количина | ЕМ | Назив |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 041400 | A1J | 2,00 | ПАР | Етикети, А4, 1/20, 1/960 етикети, 45.7*21.2мм, Zweckform, 6009, сребрена |

**Вкупно** **2,00**

**ПРИМИЛ:**
**Име и презиме:** Марија Ѓорѓевска
**Потпис:** ____________ **Л.К.** ____________

**ПРЕДАЛ:**
**Име и презиме:** М.Ненад
**Потпис:** ____________ **Л.К.** ____________

**Одобрил:** ____________ **Спремил:** ____________

СО ПЕЧАТЕЊЕ ИНВЕНТАРНИ БРОЕВИ ОД 1-1920



Лиценциран корисник: OFFICE PLUS | Образец: A3P

**Прилог 4**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 01.03.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики бр.25/21/2 од 26.02.2021 година, од Александар Лазов, Генерален секретар на Уставниот суд на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-219/4 од 01.03.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.1.1.** која се однесува на изготвување на пишани процедури за движење на финансиската документација, **претставува известување** за преземените активности од страна на Уставниот суд. Имено, од страна на Генералниот секретар донесено е решение за формирање на работна група за изготвување на акт за уредување на постапката за движење на финансиската документација и проверка на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги за потребите на Уставниот суд, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.2.1.** која се однесува на недонесување на Програма за работа и распоред на Уставниот суд, обврска предвидена со одредбите од Деловникот на судот, претставува **образложение** за причините за констатираната состојба како и **известување** дека за потребата за измена и дополнување на Деловникот на Судот за донесување соодветно нормативно решение кое ќе одговара на праксата и потребите на Судот, а преку кое ќе може да се утврди одредена рамка за работа на Судот во текот на една година.

3. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.2.2.** која се однесува на воспоставување на внатрешна ревизија преку пополнување на предвидените работни места или со ангажирање на внатрешен ревизор на начин предвиден

во законската регулатива **претставува известување** за активности кои се планира да се преземат во втората половина од тековната година, односно ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект или ревизор од регистарот на внатрешни ревизори, по претходно склучен договор согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

4. Забелешката на констатираните состојби на **точката** 4.3.1. која се однесува на спроведување на попис на средствата, побарувањата и обврските на начин предвиден со законската регулатива **претставува известување** за преземени активности за надминување на дел од констатираните состојби. Имено, со пописот за 2020 година, средствата се обележани со инвентарни броеви, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

5. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.3.2**, која се однесува на воспоставување на евидентирање на материјалите при нивниот прием и издавање, **претставува известување** за преземена активност од страна на Уставниот суд. Имено, од страна на Генералниот секретар донесено е решение со кое на вработена на работно место технички секретар во Одделение за поддршка на работата на Секретарот на Уставниот суд и се делегираат работни задачи водење на евиденција за набавка и издавање на материјали, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

6. Забелешката на констатираните состојби на **точката 4.4.1.,** која се однесува на планирањето на потребите за стоки и услуги согласно потребите и спроведувањето на постапките за јавни набавки, **претставува известување** дека се преземаат активности за пополнување на неколку работни места во Стручната служба на Судот меѓу кои и за работното место – Советник за финансиски прашања и јавни набавки, за кои е побарана согласност од Министерството за финансии, но истата не е приложени како доказ за преземената активност.

7. Забелешката на констатираните состојби на точката 5.1., која се однесува на дополнувањето на Деловникот на Уставниот суд донесен во октомври 2020 година, со кој се предвидува дека покрај правото на плата и други

надоместоци, судиите на Уставниот суд да имаат право на додаток за посебни услови за работа, постоење на висок ризик и доверливост, претставува **образложение** за основот за утврдување на ваквото право со Деловникот на Уставниот суд, кое образложение овластениот државен ревизор го имаше во предвид во текот на ревизијата.